*„Верувањето во фактот дека можете да имате прекрасна кариера е само еден чекор пред нејзиното постигнување“*
*Сен Ајкен.*



# БИДЕТЕ
# НАШАТАИДНИНА
# ДЕНЕС

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје – лидер на пазарот на пензиското осигурување во Република Северна Македонија, препознатливо по своите етички принципи, висока стручност, професионалност и транспарентност во работењето, има потреба од Java EE developer, Oracle SQL developer.

Ќе се смета за предност познавањето на извештаи Jasper.

Работниот однос е на определено време од 6 месеци, со можност за негово продолжување.
Работното време е 40 работни часа, секој работен ден од понеделник до петок.

Висината на платата е предмет на договор.

## Опис на работните обврски:

- Програмирање на финансиски апликации, апликации за грижа за корисници, апликации за собирање и анализа на податоци од различни бази на податоци и развој на други видови апликации;
- Дебагирање и решавање на проблеми, како и наоѓање на изворот на проблемите;
- Спроведување на визијата и спецификациите на производот во дизајнот на софтверски решенија. Пишување висококвалитетен, разбирлив код кој е лесен за одржување и следење на најдобрите практики (вклучувајќи: автоматско тестирање код, коментирање, следење на претходниот стил на кодирање, добро именување).

## Потребни квалификации:

- Диплома од областа на ИТ или соодветно работно искуство);
- Високо искуство во дизајнирање, поддршка и решавање проблеми во сложени средини.

## Останати барања:

- Способност за работа во мултикултурна средина;
- Способност за пишување техничка документација;
- Добро работно познавање на англиски јазик;
- Способност за водење проекти со детални барања и исполнување на кратки рокови;
- Лице кое истовремено спроведува повеќе задачи и проактивно бара можности за поддршка на тимот;
- Добро организиран и ориентиран кон детали;
- Ориентиран кон решенија и аналитика;

Нашите вработени се клуч за нашиот успех.

Друштвото Ви нуди флексибилна и пријатна работна средина, како и можност за дополнителна обука и професионална надградба.

Доколку сте подготвени да ја креирате Вашата иднина денес, Ве охрабруваме да се приклучите на нашиот тим.

Вашата биографија ја очекуваме на следнава електронска адреса: **vrabotuvanje@kbprvo.com.mk** најдоцна до **30.06.2023.**

Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг ќе бидат повикани на интервју. Друштвото го задржува правото да не ангажира ниту еден кандидат од пријавените на конкурсот.

За дополнителни прашања, можете да стапите во директен контакт со КБ Прво пензиско друштво: **vrabotuvanje@kbprvo.com.mk** или на тел.: **02/3243-777.**

## Напомена:

Согласно Законот за заштита на личните податоци, со доставувањето на Вашата биографија за идните потреби на Друштвото, согласни сте Вашите лични податоци да бидат предмет на обработка од страна на Друштвото, за потребите на користење во процесот на селекција на кадри. Друштвото Ве известува дека Вашите лични податоци нема да бидат користени за ниедна друга цел, освен наведената, ниту пак, би биле достапни на трети лица, односно Вашите лични податоци ќе се обработуваат согласно Законот за заштита на личните податоци.

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk
тел. 02/ 32 24 229

КБ ПРВО ПЕНЗИСКО ДРУШТВО
ИДНИНАТА, ДЕНЕС!
www.kbprvo.com.mk